Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Управа за финансиско разузнавање

Број. 04-47/21

Дата: 23/07/2019, Скопје

Врз основа на член 77 став 10 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ( "Службен весник на РМ " бр. 120/18 ), а во врска со јавниот оглас за вработување на финансиски разузнавачи бр.04-47/11 (19) од 11.06.2019 година, директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе:

# О Д Л У К А

***за избор на 1 (еден) извршител - за работно место самостоен разузнавач-финансиски разузнавач за теренска контрола***

1. За извршител на работно место самостоен разузнавач-финансиски разузнавач за теренска контрола во Одделението за надзор, во Секторот за надзор, регулатива и меѓународна соработка во Управата за финансиско разузнавање се избира кандидатот Љиман Бисљими.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач формирана со Решение на директорот на Управата за финансиско разузнавање бр.04-47/17 (19) од 01.07.2019 година во функција на спроведување на постапка за вработување на финансиски разузнавач за извршување на работите од точка 1 од оваа Одлука, а по огласот за вработување на финансиски разузнавач 04-47/11 (19) објавен во дневните весници "Слободен печат" "Независен" и "Коха" спроведе постапка за административна селекција, писмен испит и интервју за наведеното работно место.

Комисијата констатираше дека на јавниот оглас за вработување се пријавиле тројца кандидати.

Врз основа на записникот бр.04-47/18 (19) од административната селекција, изготвен од страна на комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач, кандидатот Љиман Бисљими единствен од тројцата кандидати ја помина административната селекција односно достави уредна и комплетна документација согласно условите од јавниот оглас.

Врз основа на записникот бр.04-47/19 (19) од спорведениот писмен испит, изготвен од страна на комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач


Министерство за финансии на Република Северна Македонија Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, 6ти кат, Скопје
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk

кандидат, Љиман Бисљими, го положи писмениот испит со освоени 100 бодови (од можни 120 бодови).

Врз основа на записникот бр.04-47/20 (19) од спорведеното интервју, од страна на комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач кандидат, комисијата од максимум 20 бода кои ги носи интервјуто, на кандидатот Љиман Бисљими му даде 20 бода. Во процесот на селекција, кандидатот Љиман Бисљими има освоено вкупно 120 бода (100 бода од писмен испит и 20 бода од интервју).
Врз основа на записниците од работата на Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач во Управата за финансиско разузнавање, директорот на Управата за финансиско разузнавање го повика лицето Љиман Бисљими на интевју. По спроведеното интервју од страна на директорот, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.
По завршувањето на постапката за избор Директорот на Управата за финансиско разузнавање ќе донесе решение за вработување.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум (8) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на Управата за финансиско разузнавање.

ДИРЕКТОР
Блажо Трендафилов


Министерство за финансии на Република Северна Македонија Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 6ТИ кат, Скопје
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk